До
Управниот одбор
За Собрание на акционери за 2025

ГРАНИТ - Скопје

| Примено: 29-04-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 12 | 2907 | | |

Предмет: Достава на нови предлог точки за дополнување на дневниот ред

Членовите на Надзорниот одбор на ГД „Гранит" АД Скопје, Ивана Милковска Симева и Виолета Божиноска кои заедно поседуваат повеќе од 5% од вкупниот број на акции со право на глас, по прием на оставката на независниот член на Надзорниот одбор на ГД „Гранит" АД Скопје, доставуваат до органот кој го свикува Собранието на Друштвото, Управниот одбор на ГД „Гранит" АД Скопје, предлог за вклучување на нови точки во дневниот ред:

1. Избор за независен член на Надзорниот одбор
2. Донесување на одлука за месечниот паушал-надоместок на членовите на надзорниот одбор

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

1. Избор за независен член на Надзорниот одбор

Со применото известување од независниот член на Надзорниот одбор г-дин Горан Марковски за поднесување на оставка како независен член на Надзорниот одбор на ГД „Гранит" АД Скопје, ослободено е местото независен член на Надзорниот одбор во ГД „Гранит" АД Скопје.

Заради обезбедувањето на потребниот број на членови во Надзорниот одбор, Собранието на ГД „Гранит" АД Скопје, треба да избере нов независен член на Надзорниот одбор, согласно следните критериуми:

а. не е член на надзорниот одбор повеќе од 2 мандати;
б. не е член на потесното семејство на лице кое во последните пет години било член на управниот одбор на друштвото;
в. не е поврзано со друштво кое дава консултантски услуги на друштвото или на негови поврзани друштва;

г. не е значаен клиент или добавувач на друштвото, или на негово поврзано друштво, и не е лице поврзано со значаен клиент или добавувач на друштвото или неговите поврзани друштва;
д. не е член на орган на управување на непрофитна организација што добила значително финансирање од друштвото или од неговите поврзани друштва;
ѓ. во последните пет години, не било партнер или лице вработено во друштво за ревизија што вршело ревизија на друштвото или на неговите поврзани друштва.

Во прилог на овој Предлог е и предлог Одлука за избор на независен член на Надзорниот одбор.

2. **Донесување на одлука за месечниот паушал-надоместок на членовите на Надзорниот одбор**

Месечниот паушал за член на Надзорниот одбор на ГД „Гранит" АД Скопје е утврден со Одлука на Собранието од 27.04.2009 година бр.12-4479 од 30.04.2009 година.

Месечниот паушал треба соодветно да го одразува посветеното време и напор на членовите на Надзорниот одбор при исполнувањето на нивните должности во друштвото.

Со оглед на временскиот период кога Одлуката е донесена и значајните општествено економски прилики и измени во општественото делување и трошоци, со цел обезбедување на сразмерен и соодветен надомест за професионално,стручно, посветено и одговорно вршење на оваа функција, се предлага измена и донесување на нова одлука која ќе се применува од Јуни 2025 година, а која ќе одразува соодветна противвредност за ангажманот во највисокиот орган на управување во Друштвото.

Во прилог на овој Предлог е и предлог Одлука за месечен паушал надоместок на членовите на Надзорниот одбор.

Со почит,

Ивана Милковска Симева ____________________

Виолета Божиноска ____________________

**Прилог:**Предлог Одлуки за две нови точки
Извод од ЦДХВ
Фотокопија од документ за лична идентификација

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА СОБРАНИЕ
НА АКЦИОНЕРИ

*Врз основа на член 365 став 1 од Законот за трговски друштва* („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24) и член 81 од Статутот на ГД,,Гранит,,АД Скопје, Собранието на Друштвото на годишната седница одржана на ден 26.05.2025 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за уврдување на месечен паушал-надомест на члeновите на Надзорен одбор на ГД,,Гранит,,АД Скопје

1. СЕ УТВРДУВА висина на месечен паушал-надоместок на членовите на Надзорниот одбор за учество и работа на редовните седници, како и за работа и одлучување на седниците кои се одржуваат без присуство, меѓу седници, во висина од 115% од просечната месечна нето плата по работник во ГД Гранит АД Скопје, исплатена во последните три месеци.

2. За учество и работа на седниците, како и за работа и одлучување на седниците без присуство, меѓу седници, на Претседателот му припаѓа месечен паушал – надоместок во висина од 120% од просечната месечна нето плата по работник во ГД Гранит АД Скопје, исплатена во последните три месеци.

3. Овие средства се трошоци од работењето на Друштвото

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се примени сметано од 01.06.2025 година.

Претседавач со Собранието

________________________

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА СОБРАНИЕ
НА АКЦИОНЕРИ

Врз основа на член 344 став 1 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24) и член 81 од Статутот на ГД „Гранит" АД Скопје, Собранието на Друштвото на годишната седница одржана на ден 26.05.2025 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за избор на независен член на Надзорен одбор на ГД,,Гранит,,АД Скопје

1. За независен член на Надзорниот одбор на ГД,,Гранит,, АД Скопје, се избира лицето:

_______________________________, како независен член.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор трае до истекот на мандатот на составот на Надзорниот одбор, односно до 11.05.2026 година.

3. Пријавата за упис во Централниот регистар, на избраниот член на Надзорниот одбор, ќе ја поднесе овластен регистратор од страна на Друштвото.

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач со Собранието

________________________